МQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2121/2

17-02-2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот --------- ------------ од П-------, на 27-та седница одржана на ден 14 февруари 2020 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12-2121/1 од 29.03.2019 година на подносителот --------- ------------ од П-------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност да постапува во предметот со број 12-2121 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2121/1 од 29.03.2019 година.

Предметот со број 12-2121 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2121 од 2019 година е оформен врз основа на пријавата бр. 12-2121/1 од 29.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот --------- ------------ од П-------.

Со пријавата се изразува незадоволство од постапувањето на ООУ ------ ---------- П-------- во постапка за трансформација на работен однос, како и незадоволство од пресуда по однос на истата постапка која била донесена во судска постапка водена пред Апелациониот суд во Битола во 2018 година. Во предметниот случај, станува збор за постапка која предметното основно училиште ја започнало во месец октомври 2017 година, по утврдувањето за трајна потреба од работник и по барање за трансформација на работниот однос поднесено од подносителот на пријавата, поради исполнети услови, како вработен на работно место наставник по одделенска настава повеќе од две години но, која поради локалните избори истата не била целосно завршена и за која по направена анализа во училиштето подоцна било утврдено дека училиштето немало трајна потреба од


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

ова работно место. За предметната постапка за трансформација била водена судска постапка пред Основен суд заведена по тужба поднесена од подносителот на пријавата и била донесена пресуда во негова корист, а на која од страна на тужениот – училиштето била вложена жалба до Апелациониот суд кој пак донел пресуда со која била уважена вложената жалба и првостепената пресуда била преиначена, поради тоа што второстепениот суд сметал дека во случајот не биле исполнети условите за трансформација на работниот однос на тужителот.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во конкретниот случај станува збор за наводи по кои се надлежни да постапуваат други надлежни органи во РСМ, по што оцени дека Државната комисија нема надлежност да ги преоценува донесените одлуки на правосудните органи па поради тоа нема основ за нејзино надлежно постапување во предметниот случај .

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 февруари 2020 година под бр. 12- 2121/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk